Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), согласно член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Синдикатот на работници од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, Синдикална организација при Управата за заштита на културното наследство, Скопје, поднесена против Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 30.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата изјавена од Синдикатот на работници од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, Синдикална организација при Управата за заштита на културното наследство, Скопје, поднесена против Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство, заведена во Агенцијата под бр.08-326 на 19.12.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА**.

**2.СЕ НАЛОЖУВА** на Имателот на информации, да постапи по Барањето на Барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3.** Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Синдикатот на работници од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, Синдикална организација при Управата за заштита на културното наследство, Скопје, на 10.11.2022 година, поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство, со кое побарал да му се достави по пошта фотокопија од следната информација:

“ – Да ни го доставите Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација и работа на вработените во Управата за заштита на културно наследство од 2018 година;

- Да ни ги доставите сите промени на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација и работа на вработените во Управата за заштита на културно наследство од 2018 година, заклучно со денот на прием на ова барање;
- Да ни ги доставите согласностите на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација и работа на вработените во Управата за заштита на културно наследство од 2018 година, заклучно со денот на прием на ова барање;
- Да ни ги доставите сите согласности за сите промени на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација и работа на вработените во Управата за заштита на културно наследство од 2018 година, заклучно со денот на прием на ова барање;
- Да ни ги доставите Плановите за вработување и унапредување за 2022 и 2023 година, заклучно со денот на прием на ова барање;
- Да ни ги доставите сите барања и добиените позитивни и негативни мислења/согласности од надлежните институции за Плановите за за вработување и унапредување за 2022 и 2023 година , заклучно со денот на прием на ова барање;

- Да ни ги доставите сите барања и добиени мислења за вработување (позитивни или негативни) за 2022 година од Министерството за финансии, заклучно со денот на прием на ова барање“.

Имателот на информации, на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел Жалба заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-326 од 19.12.2022 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-326 од 19.12.2022 година, ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што се смета дека Барањето е одбиено.

Агенцијата му укажува на Имателот на информации дека согласно член 10 став 1 алинеја 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер “Имателот на информации е должен да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на: прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон“.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**